**Ново Срце**

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година V. бр. 172. Дата: 22. 04. 2013.**

## Непростителниот слуга



Небесното царство може да се спореди со цар којшто решил да си ги расчисти сметките со своите слуги на кои им позајмил од своите пари. Кога почна да проверува, му доведоа еден што му должеше **десет илјади таланти**. Бидејќи слугата не можеше да си го плати долгот, господарот нареди да биде продаден како роб заедно со жената и децата и со се што поседуваа, па така да си го наплати долгот.

Тогаш слугата падна ничкум пред царот и почна да го моли: „Стрпи се со мене и ќе ти го исплатам целиот долг!“ На царот му падна жал и го пушти, отпишувајќи му го долгот.

Но кога овој слуга излезе, сретна еден од своите другари кој му должеше **сто денарии**, па го фати за гуша и почна да го дави, викајќи му: „Врати ми го долгот!“ Тогаш неговиот другар клекна и почна да го моли: „Стрпи се со мене и ќе ти го исплатам целиот долг!“ Но овој не сакаше, туку го фрли в затвор додека не му го врати долгот. Кога другите слуги видоа што се случи, многу се огорчија, па отидоа кај царот и му го кажаа сето ова.





Тогаш царот го повика оној слуга и му рече: „Колку си лош! Кога ти ме молеше, јас ти го простив целиот долг. Не требаше ли да му се смилуваш на твојот другар како што јас ти се смилував!?“ Царот беше толку лут, што го фрли овој слуга в затвор, додека не му го врати целиот долг.

Откако Исус ја кажа оваа парабола (споредба), го даде следниот заклучок: „Така ќе постапи со вас и Мојот небесен Татко, доколку од срце не си простувате едни на други.“ (**Матеј 18:23-35**)

Неспорно е дека главната тема на оваа приказна е простувањето; но таа, освен што учи дека треба да простуваме, ни кажува и зошто е важно да простуваме. Со други зборови, ако сакаш тебе да ти биде простено, треба и ти да се научиш да простуваш. Ако простувањето е лоша идеја, тогаш не барај и ти (од Бог и другите) да ти простуваат. Ако пак, простувањето е добро, тогаш практикувај го и ти кон другите; биди спремен и ти да простиш, како што Бог ти прости тебе. Простувањето треба да ни биде уште полесно, кога ќе разбереме дека „долгот“ што Бог ни го прости е многу поголем, од она што ние треба да го простиме на другите.

**Еве и неколку изреки за простувањето, од познати личности:**

- „Нека лесно простува оној на кого му е потребно опростување.“ –**Сенека**
- „Кога опростуваме, се поставуваме над оние што нѐ понизиле.“ –**Наполеон**.
- „Слабите не можат да простат. Простителноста е особина на силните.“ -**Махатма Ганди**
- „Да простиш е, да го ослободиш затвореникот и да откриеш дека тој затвореник си бил ти.“

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**